Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за финансиско разузнавање

[redacted]

Број. 02 - 2 / 25(19)
Дата: 11 / 02 / 2019, Скопје

Министерство за финансии
Управа за финансиско разузнавање

Плоштад Пресвета Богородица бр:3 , кат 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3297 540
(02) 3297 690
Факс: (02) 3224 824
Е-пошта: contact@ufr.gov.mk
Сајт: www.ufr.gov.mk

Врз основа на член 68 став 6 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ("Службен весник на РМ" бр. 120/18), а во врска со Точка 3 од Нацрт - записникот од Сто и деветтата седница на Владата на Република Македонија одржана на 14.12.2018 година, директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе:

**ОДЛУКА**
за спроведување акции за борба против аерозагадувањето и заштита на животната средина за месец декември 2018 година и јануари и февруари 2019 година

I. Во врска со Точка 3 од Нацрт – записникот од Сто и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 14.12.2018 година, со која се задолжуваат Министерствата и органите во нивен состав и другите органи на државната управа, се укажува на сите јавни претпријатија основани од државата, агенции, фондови и акционерски друштва во државна сопственост, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, институциите од правосудството, регулаторните тела и независните тела и Собранието на Република Македонија, во текот на декември 2018 година и јануари и февруари 2019 година, да спроведат најмалку по една акција за борба против аерозагадувањето и заштита на животната средина и тоа да го направат во координација со Министерството за животна средина и просторно планирање, локалните самоуправи и граѓанските организации, а за акцијата што ќе ја спроведат соодветно да ја информираат јавноста, Управата за финансиско разузнавање ги спроведува следните акции за борба против аерозагадувањето и заштита на животната средина:

1. При надминување на прагот на алармирање користењето на службените возила на Управата се намалува.

2. За секој од наведените месеци, при надминување на прагот на алармирање на загаденост, спроведена е мерка – вработените во Управата при доаѓање на своето работно место да користат јавен превоз или сопствено превозно средство – велосипед, која мерка ќе се спроведе и во тековниот месец февруари 2019 година.

[redacted]

3. Управата ќе набави безбеден паркинг за велосипеди кој ќе биде поставен пред зградата и ќе го олесни користењето на велосипеди од страна на вработените во Управата.

4. Во однос на работната средина на Управата, ќе се набават собни растенија кои ќе допринесат за прочисување на воздухот во работните простории на вработените.

II. Одлуката ќе биде објавена на интернет страната на Управата за финансиско разузнавање со цел информирање на јавноста.

III. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Директор
Блажо Трендафилов